Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

**ПРЕДМЕТ:** Јавен повик за изразување на интерес за ангажирање на продуцент/ментор за потребите на Проектот "Развој на еколошко истражувачко новинарство" (Реализација на 4та работилница за градење капацитети „Пробна програма за развој на еколошки истражувачки стории")

Почитувани,

Здружението на граѓани ЦЕД Флорозон објавува повик за избор на продуцент/ментор за потребите на Проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство". Проектот е финансиран од Европската Унија (ЕУ).

Со повикот, ќе биде избран еден (1) продуцент, кој ќе биде одговорен за менторирање на учесниците на четвртата работилница за развој на еколошки истражувачки стории во согласност со доставениот ***Опис на надлежности.***

Проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство" е финансиски поддржан од Европската Делегација во Република Македонија од грантовата шема Поддршка на граѓанските организации, Градење на капацитети на граѓанските организации и слобода на медиумите Action 2014 Europe Aid/136-992/DD/ACT/MK.Главна цел на проектот е зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и медиумите за развој на истражувачкото еколошко новинарство, воведување на иновативни алатки за граѓанско новинарство, вмрежување, размена на релевантни информации и креирање на услови за финансиска поддршка. Проектот го спроведува Здружението на граѓани ЦЕД ФЛОРОЗОН од Скопје во партнерство со Здружението за развој на ромската заедница СУМНАЛ од Битола.

Со почит,

Кирил Ристовски

Проектен менаџер

*27.07.2016*

roject is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under
l Society Facility and Media Freedom Action 2014 EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

## Основни податоци

Центарот за еколошка демократија Флорозон е формирана во 2005 година и е невладина, непрофитна и независна организација која што работи на промоција и заштита на пристапните права до животната средина на граѓаните, развојот на еколошката демократија и намалувањето на сиромаштијата. Исто така, организацијата активно работи на промоција на човековите права за здравствена заштита, побезбедна животна околина и подобрување на квалитетот на живот, како на домашно, така и на меѓународно ниво. Активностите на ЦЕД Флорозон вклучуваат и други области кои што се поврзани со животната средина како што е земјоделството и руралниот развој. Организацијате е како членка на Иницијативата за пристап (TAI) и Европскиот Еко-Форум а тесно соработува со EMLA од Унгарија, Светскиот Институт за Ресурси(WRI) од Вашингтон и Access Info Europe од Шпанија.

## Цел на проектот:

Сеопфатната цел на овој проект е зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и медиумите во државата.

## Специфични цели на проектот:

- развој на истражувачко новинарство базирано на соработка помеѓу граѓанските организации и медиските куќи;
- создавање на функција на надгледувач која ќе се спроведува преку воведување на иновативни алатки за граѓанско новинарство;
- подобрено еко-новинарство засновано на соработка, вмрежување, размена на релевантни информации како и овозможување на финансиска поддршка.

За да се постигнат горенаведените цели, се очекува проектот да ги испорача следните резултати:

*Резултат 1*: Изградени капацитети на сите чинители засегнати со проектот во однос на обезбедување на релевантни информации поврзани со животната средина во државата.

*Резултат 2*: Воспоставено и целосно функционално партнерство помеѓу граѓанските организации и медиумите.

*Резултат 3*: Подобрен пристап до релевантни информации поврзани со животната средина до јавноста преку воведување на ефикасни методи на граѓанско и истражувачко новинарство.

roject is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under
l Society Facility and Media Freedom Action 2014 EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

## 1. Цел и намена и очекувани резултати на конкретната активност

Во спроведувањето на работниот пакет 1 на проектот досега се реализирани активностите за анализа на потребите на целните групи, анализа на состојбите со животната средина и се одржани 3 работилници за преглед на целокупниот корпус на животната средина и маргиналните групи, развој на комуникациски вештини и истражувачко новинарство.

Четвртата работилница треба да го сублимира стекнатото знаење, да го претопи во истражувачка сторија, која како финален производ ќе се промовира во јавноста преку веб порталот на проектот (www.ekologist.mk) и www.zase.mk.)

Всушност четвртата работилница има за цел да ги подготви граѓанските организации и претставниците на медиумите за учество во програмата за регрантирање на најуспешните идеи во контекст на развој на еколошкото истражувачко новинарство што ќе се реализира преку јавен повик за најдобра еколошка истражувачка сторија.

Очекувани резултати од спроведувањето на работилницата се следните:

- Учесниците знаат да дефинираат, обликуваат и обработат еколошка истражувачка сторија;
- Учесниците имаат познавања за спецификите на теренската работа (правила на фотографирање, соодветно позиционирање на камера и видео документација;
- Учесниците знаат да спроведат истражувања на јавното мислење на дадена тема преку анкета;
- Учесниците знаат да го користат методот на интервју на релевантни чинители и поставување на прашања.
- Учесниците ги знаат начините за објавување на еколошка истражувачка сторија во електронските и печатените медиуми и телевизијата како медиум.

roject is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under
l Society Facility and Media Freedom Action 2014 EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

## 2. Домен на работа

### 2.1 Опис на работната задача

Во рамките на проектните активности предвидено е ангажирање на еден продуцент/ментор за реализација на содржините на четвртата работилница за градење капацитети во рамките на проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство“.

Работната задача се однесува и на изработка на методологија за реализација на четвртата работилница како и советодавна, експертска поддршка на реализацијата на предвидените содржини на четвртата работилница за градење капацитети;

### 2.2. Специфични активности

Специфичните активности кои продуцентот/ментор треба да ги реализира заедно со учесниците на четвртата работилница се поделени во три групи и тоа:

1. Усогласување на заедничка тема на учесниците на работилницата;
2. Обука на сите учесници за работа на терен;
3. Начини за објавување на еколошките истражувачки стории.

**1. Усогласување на заедничка тема на учесниците на работилницата**

За реализација на оваа специфична активност менторот/продуцент на работилницата треба да:

- Го фацилитира процесот на избор на заедничка тема која ќе биде обработена на четвртата работилница;
- Да пренесе знаења и да ги одреди техничките аспекти со посебен акцент на содржината и барањата за испорака на истражувачката сторија до печатените медиуми, електронските медиуми и ТВ;
- Да помогне при обработката на содржините согласно Прирачникот за развој на еколошки истражувачки стории;

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

**2. Обука на сите учесници за работа на терен на следните теми:**

- Теренска работа за соодветно документирање на дадената тема и предмет на истражување (Совети како да се направат фотографии, соодветни видео снимки и др.);
- Истражување на јавното мислење за договорената тема преку спроведување на анкета;
- Спроведување на интервју со релевантни чинители директно одговорни за содржините на договорената тема односно предмет на еколошко истражувачко новинарство.

**3. Начини за објавување на еколошките истражувачки стории**

- Вовед во техниките за објавување на еколошките истражувачки стории на соодветен начин за дигиталните медиуми со акцент на веб порталот: www.ekologist.mk;
- Вовед во техниките за објавување на еколошките истражувачки стории за печатени медиуми;
- Вовед во техниките за објавување на еколошките истражувачки стории на телевизија како медиум.

## 3. Временска рамка и предвиден хонорар

Лицето кое ќе биде избрано за оваа позиција ќе биде ангажирано во проектот согласно понудената методологија и обем на работа.

## 4. Локација

Скопје

## 5. Потребни квалификации и начин за аплицирање

Индивидуалните кандидати со соодветни кавлификации кои се заинтересирани да соработуваат со Проектот "Развој на еколошко истраувачко новинарство" можат да ги поднесат потребните документи во PDF формат на следните e-mail адреси: ivana@florozon.org.mk and contact@florozon.org.mk, или лично на Ул. Васил Ѓоргов бр. 11 (втор спрат).

Кандидатите потребно е да ги имаат следните квалификации:

- Искуство во исти или слични активности;
- Одлични комуникациски вештини за тимска работа
- Способност и флексибилност за донесување одлуки во променлива работна околина на теренската работа

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

**Консултантските компании треба да ги поднесат следните документи:**

- Портфолио на компанијата
- Методологија и организација за предложената активност
- Цена за понудената услуга без ДДВ

**Индивидуалните експерти треба да ги поднесат следните документи:**

- Работна биографија
- Краток опис кој ќе укаже дека го поседуваат соодветното професионално знаење и искуство за да учествуваат во горенаведените проектни активности
- Методологија и организација за предложената активност
- Бруто цена за понудената услуга

## 6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

- Портфолио/Работна биографија **30 поени**
- Квалитет на понудата (организација, методологија) **40 поени**
- Понудена цена **30 поени**

**ВКУПНО 100 поени**.

Понудувачите треба да достават бараната документација најдоцна до **08.08.2016 до 16:00 часот**, а понудувачот со најмногу освоени поени ќе биде земен предвид за разгледување и дополнително ќе биде известен и повикан за склучување на договор.

roject is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under l Society Facility and Media Freedom Action 2014 EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK